**20192253518**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 109 став (11) од Законот за јавните набавки(*) („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИСПРАВКА НА АРИТМЕТИЧКА ГРЕШКА ВО ФАЗАТА НА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.

Член 2

Доколку комисијата утврди дека постојат аритметички грешки, исправка се врши на следниот начин:

1) кадешто има неусогласености на износот изразен во зборови и броеви, преовладува износот изразен во зборови, освен ако износот е поврзан со аритметичка грешка;

2) доколку има неусогласености помеѓу единичната цена и вкупната цена, а вкупната цена е резултат на множење на единичната цена и количината, во тој случај преовладува единичната цена, а вкупната цена ќе се коригира, освен ако не постои очигледно поместување на децималната запирка во единичната цена, при што во таков случај важи наведената вкупна цена, а единичната цена ќе се коригира;

3) доколку има грешка во вкупниот износ што соодветствува на додавањето или одземањето на меѓувредностите, преовладува меѓувредноста, а вкупниот износ ќе се коригира и

4) во случај на несовпаѓање помеѓу цената внесена на Електронскиот систем за јавни набавки и цената внесена во образецот на понудата, за валидна се смета цената внесена во образецот на понуда и ќе се измени цената внесена во Електронскиот систем за јавни набавки.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02-8389/2
25 октомври 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Нина Ангеловска,** с.р.